Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

# СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НАД СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПРОФЕСИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# KËSHILLI PËR AVANCIMIN DHE MBIKËQYRJEN E PROFESIONIT TË KONTABILITETIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**ДО ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Бул. "Св. Кирил и Методиј" бр. 20**
**1000 Скопје – Центар**
**Република Северна Македонија**
**- За г/а Весна Прентоска, претседателка**

**Бр. / Nr.** 03-20/4

**Датум / Data** 23.01.2026 **год. / vit**

ИСОС
ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 23.01.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 73 | 2 | |

**Предмет: Достава на Одлука за дадена согласност, со укажување**

**Врска: Ваш бр. 02-72/4 од 21.01.2026 година**

Почитувани,

Ве известуваме дека Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот), на својата 1-ва седница, одржана на 23.01.2026 година, по повод Вашиот "Одговор на допис бр. 03-73/13 и известување за постапување по Насоки за техничка примена на МСФИ бр. 02-73/10 од 19.12.2025 година", заведен во архивата на Советот под бр. 03-20/1 од 22.01.2026 година, донесе Одлука за давање согласност на Препораките за техничка примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување. Еден примерок од оваа Одлука, во оригинал, е во прилог на овој допис.

На истата седница, Советот заклучи дека е неопходно да му укаже на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Институтот), во најбрз можен рок да подготви акциски план во кој ќе бидат уредени активности од Институтот со цел подигнување на професионалната компетентност на сметководителите, овластените сметководители и на сите останати засегнати страни за правилна и доследна примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување (во понатамошниот текст: МСФИ). Советот смета дека во овој акциски план, Институтот особено внимание треба да посвети на следните активности:

Ул. "Даме Груев" бр. 12, 1000 Скопје – Центар, Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 12, 1000 Shkup – Qendër, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел.: / Tel.:
www.sunsp.mk
Е-пошта: / Posta elektronike: president.sunsp@gmail.com

- Едукација на сите засегнати страни од примената на МСФИ (даночни инспектори, вработени во супервизорски органи, контролори во надзорни тела и така натаму) со цел истите да ја разберат суштината од примената на МСФИ; и
- Организирање и спроведување обуки за континуирано професионално усовршување на сметководителите и овластените сметководители од страна на Институтот за правилна и доследна примена на МСФИ, а ова согласно со неговите законски овластувања.

По изработката на акцискиот план и неговото усвојување од страна на Управниот одбор на Институтот, истиот да се достави до Советот на разгледување и давање согласност. Во акцискиот план, за секоја активност, да се дадат рокови за негова имплементација.

На истата седница, Советот заклучи да го изрази неговото особено задоволство за започнатиот процес на превод на МСФИ и замолува по добивањето на т.н. "сина книга" (т.е. "blue book") од МСФИ Фондацијата, да доставите дополнително известување до Советот по однос на прашањето за тоа кои најнови МСФИ и ажурирања на МСФИ треба да бидат преведени од страна на Институтот, со дополнителна анализа на нивниот ефект врз целокупниот финансиски и даночен систем во Република Северна Македонија. Ова со цел добивање согласност од Советот за официјално започнување со преводот на најновите МСФИ и најновите ажурирања на МСФИ од страна на Институтот.

Со почит,

**Претседател на Советот**

**м-р Дарко Дачевски**

**Прилог:**

**- Одлука за давање согласност на Препораките за техничка примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување, во оригинал.**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НАД СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПРОФЕСИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI PËR AVANCIMIN DHE MBIKËQYRJEN E PROFESIONIT TË KONTABILITETIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 5 став 1 точка 3, а во врска со точка 9 од Законот за вршење на сметководствени работи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25), Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот), по повод Одговорот од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Институтот), за давање согласност на Препораките за техничка примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување, заведено во архивата на Советот под бр. 03-20/1 од 22.01.2026 година, на својата 1-ва седница, одржана на 23.01.2026 година донесе

# ОДЛУКА

за давање согласност на Препораките за техничка примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување

## Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Препораките за техничка примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување бр. 02-72/4 од 21.01.2026 година, донесени од Управниот одбор на Институтот, на предлог на Комисијата за меѓународни стандарди и финансиско известување, на седницата одржана на 21.01.2026 година.

## Член 2

Се овластува Претседателот на Советот да ги објави оваа Одлука и Препораките од член 1 на оваа Одлука на веб страната на Советот.

## Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. / Nr. 02-20/3

Датум / Data 23.01.2026 год. / vit

Претседател на Советот

м-р Дарко Дачевски

Ул. "Даме Груев" бр. 12, 1000 Скопје – Центар, Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 12, 1000 Shkup – Qendër, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел.: / Tel.:
www.sunsp.mk
Е-пошта: / Posta elektronike: president.sunsp@gmail.com